РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СУДСКИ СОВЕТ НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KËSHILLI GJYQËSOR I
REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr 03 - 521/1
01-03-2023 20 ___ год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP



СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТАТА НА СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2022 ГОДИНА

Скопје, Февруари 2023 година

# СОДРЖИНА


**ВОВЕД .......................................................................................... 3**

**РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ПРОИЗЛЕЗЕНИ ОД ЗАКОНСКИТЕ НАДЛЕЖНОСТИ .................................................................. 4**

- ***БРОЈ НА ИЗБРАНИ И РАЗРЕШЕНИ СУДИИ И СУДИИ ПОРОТНИЦИ ........................ 4***
- ***ПОСТАПКИ ЗА УТВРДУВАЊЕ ОДГОВОРНОСТ НА СУДИЈА И ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СУД.... 8***
- ***ОЦЕНА ЗА РАБОТАТА НА СУДИИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО ОДНОС НА КВАЛИТЕТОТ И АЖУРНОСТА ВО НИВНАТА РАБОТА КАКО И ДРУГИ ПРАШАЊА ВО ВРСКА СО ОСТВАРУВАЊЕТО НА НЕЗАВИСНОСТА И САМОСТОЈНОСТА НА СУДСТВОТО*** **................................................ 10**
- ***ПОДАТОЦИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕТСТАВКИ И ПРЕДЛОЗИ НА ГРАЃАНИТЕ И ИНСТИТУЦИИТЕ ЗА РАБОТАТА НА СУДИИТЕ И СУДОВИТЕ ................................... 21***

**РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ.................................................................................. 26**

**БУЏЕТ И ФИНАНСИРАЊЕ ................................................ 30**

- **КАДРОВСКА СОСТОЈБА ВО СУДСКАТА ВЛАСТ ЗА 2022 ГОДИНА**
- **МАТЕРИЈАЛНО ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА ВО СУДСТВОТО И ВО СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
  - ***СУДСТВО***
  - ***СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА***

**ПРЕПОРАКИ ............................................................................ 41**

**ЗАКЛУЧОЦИ ............................................................................ 42**

**ПРИЛОЗИ ............................................................................ 45**

# ВОВЕД

Судскиот совет на Република Северна Македонија (во натамошниот текст Советот) за својата работа изготвува Годишен извештај најдоцна до 30 април во тековната година за претходната година, кој го усвојува на седница, кое е предвидено во член 100 од Законот за Судскиот совет на Република Севррна Македонија ( Службен весник на РСМ бр.102/19 ). По усвојувањето на извештајот за својата работа, Советот јавно го објавува на веб страницата на Советот и го доставува до сите судови во Република Северна Македонија.

Годишниот извештај содржи податоци за бројот на избрани и разрешени претседатели на судови, судии и судии поротници; за бројот на поведени и завршени постапки за утврдување на одговорност; за кадровската состојба во судството; за материјално – финансиската состојба во судството; за состојбата во судовите согласно со годишните извештаи за нивната работа; податоци за постапување по претставки и предлози од граѓаните и институциите. Извештајот содржи и оцени за работата на судиите во Република Северна Македонија во однос на квалитетот и ажурноста на нивната работа, како и други прашања во врска со остварување на независноста и самостојноста на судството; податоци за степенот на реализација на Годишната програма за работа на Советот по ставки, како и други податоци.

Во текот на 2022 година, Советот избираше и разрешуваше судии, судии поротници и претседатели на судови, констатираше престанок на судиска функција, утврдуваше нестручно и несовесно вршење на судиската функција со изрекување на дисциплински мерки, ги разгледуваше и оценуваше тримесечните и годишните извештаи за работа на судовите, одлучуваше за времено упатување на судиите во друг суд, вршеше работни посети во судовите со цел констатирање на одредена состојба, како и вршеше други работи во рамки на својата надлежност, утврдени со закон.

Советот во текот на 2022 година одржа 35 седници.

Во текот на 2023 година, Советот продолжува да се залага за доследна примена и постапување по законските одредби, следење на состојбите во судството и давање на нови предлози за подобрување на состојбите, следење на работата на судиите и претседателите на судовите, како и на самите судови, превземање дејствија во рамки на своите надлежности при детектирање на коруптивни дејствија во судството, а во таа насока залагање за имплементација на донесената Програма и Акционен план за превенција и следење на корупцијата во судството 2022-2025 година. Понатаму, Советот продолжува континуирано да ја следи примената на законите како и поднесување иницијативи за изменување и дополнување на законската регулатива во ситуација кога одредени законски одредби придонесуваат за надминување на

пропустите во судството, ќе продолжи да ја унапредува соработката со институциите со цел решавање на проблемите со кои се соочува судството и во насока на нивно надминување и понатаму ја унапредува меѓународната соработка која е од особено значење за Советот, се залага за транспарентноста и отчетноста, како на Советот, така и на судството воопшто, заложби за јакнење и подобрување на капацитетите на судството и дава поддршка на судиите во ситуации кога е загрозен нивниот интегритет при вршењето на нивната функција.

Една од основните заложби на Советот е финансиско одвојување на судската власт од другите власти, односно залагање за зголемување на процентот на судскиот буџет во однос на Бруто домашниот производ од сегашните 0,3% на годишно ниво на законски определените 0,8 % од Буџетот за судска власт.

Исто така, предизвик и приоритет на Советот е заложбата за завршување на процесот за донесување на Стратегијата за човечки ресурси во судството, кое е од огромно значење, особено поради состојбата во која се наоѓа судството во земјата во моментот во смисла на недостаток на судии, односно човечки ресурси.

## РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ПРОИЗЛЕЗЕНИ ОД ЗАКОНСКИТЕ НАДЛЕЖНОСТИ

### *БРОЈ НА ИЗБРАНИ И РАЗРЕШЕНИ СУДИИ И СУДИИ ПОРОТНИЦИ*

Советот, во текот на 2022 година изврши избор и разрешување на судии и судии поротници.

Во извештајната година, Советот изврши избор на 2 (двајца) судии во основните судови и тоа: во Основен кривичен суд Скопје еден судија и во Основен суд Штип еден судија

| | Суд | Број на избрани судии |
|---|---|---|
| 1 | Основен кривичен суд Скопје | **1** |
| 3 | Основен суд Штип | **1** |
| | Вкупно | **2** |

| **Полова и национална структура на избрани судии во периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година** | | |
|---|---|---|
| | **Вкупно** | **%** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Националност** | | | |
| 1 | Македонци | 2 | 100 |
| 2 | Албанци | 0 | 0 |
| 3 | Турци | 0 | 0 |
| 4 | Власи | 0 | 0 |
| 5 | Срби | 0 | 0 |
| 6 | Роми | 0 | 0 |
| 7 | Бошнаци | 0 | 0 |
| 8 | Други | 0 | 0 |
| **Пол** | | | |
| 1 | Машки | 1 | 50 |
| 2 | Женски | 1 | 50 |
| | | | |
| **Вкупно избрани:** | | 2 | |






Од страна на Советот во текот на 2022 година е извршен избор на претседатели во 3 (три) судови, и тоа: Основен кривичен суд Скопје, Основен суд Виница и Основен суд Ресен.

**Полова и национална структура на избрани претседатели во периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година**

| | | Вкупно | % |
|---|---|---|---|
| **Националност** | | | |
| 1. | Македонци | 2 | 66,67 |
| 2. | Албанци | 0 | 0 |
| 3. | Турци | 1 | 33,33 |
| 4. | Власи | 0 | 0 |
| 5. | Срби | 0 | 0 |
| 6. | Роми | 0 | 0 |
| 7. | Бошнаци | 0 | 0 |
| 8. | Други | 0 | 0 |
| **Пол** | | | |
| 1 | Машки | 1 | 33,33 |
| 2 | Женски | 2 | 66,67 |
| | | | |
| **Вкупно избрани:** | | 3 | |







Во текот на 2022 година, Советот за дел од испразнетите судиски места во основните судови според постоечката систематизација не изврши целосен избор на судии во судовите, бидејќи сите кандидати кои ја завршија почетната обука во Академијата за судии и јавни обвинители се избрани за судии или јавни обвинители, туку ја искористи со закон предвидената можност да донесе одлука за времено упатување на судиите од еден во друг суд. Така, Советот донесе одлука за времено упатување на седум судии и тоа најдолго за време од една година:

- Еден судија од ОС Велес во ОС Кавадарци;
- Еден судија од ОС Кочани во ОС Виница;
- Еден судија од ОС Велес во ОС Неготино;
- Еден судија од ОС Кочани во ОС Берово;
- Еден судија од ОС Битола во ОС Крушево;
- Еден судија од ОС Крива Паланка во Основен граѓански суд Скопје и
- Еден судија од ОС Гостивар во ОС Кичево.

Советот одлуките за времено упатување на судиите ги донесе согласно член 39 од Законот за судовите, во случаи кога констатира состојба на значително зголемен обем на работата во овие судови, намалена ажурност и во случај кога е доведено во прашање тековното работење на судовите.

Изборот и разрешувањето на судиите поротници по доставена предлог листа од претседателот на надлежниот суд е законска надлежност на Советот.

Во текот на 2022 година, Советот избра вкупно 105 судии поротници. При изборот на судиите поротници, Советот водеше сметка да се обезбеди соодветна правична застапеност на граѓаните што припаѓаат на сите заедници. Советот донесе и одлуки со кои е утврден престанок на функцијата судија поротник на 100 судии поротници.

## *ПОСТАПКИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТ НА СУДИЈА И ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СУД*

Советот согласно законските надлежности, помеѓу другото е надлежен да утврдува престанок на судиската функција, да разреши судија од вршење на судиската функција поради потешка дисциплинска повреда или поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција.

Постапките за утврдување на одговорност за судија или претседател на суд, пред Советот се водат согласно одредбите на Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Имено, постапките за утврдување одговорност на судија или претседател на суд поведени по поднесени барања за утврдување на одговорност се од итен и доверлив карактер и се водат без присуство на јавноста и со почитување на угледот и достоинството на судијата или претседателот на судот. На барање на судијата или претседателот на судот, Советот одлучува дали постапката ќе биде јавна, како и за тоа на седницата да присутвува претставник од Здружението на судии.

Во текот на 2022 година, поднесени се 84 (осумдесет и четири) барања за утврдување на одговорност за судија или претседател на суд против 144 (сто четириесет и четири) судии.

Согласно член 63 став 4 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, Комисиите на известители отфрлија 72 (седумдесет и две) барања за утврдување на одговорност на судија или претседател на суд против 119 (сто и деветнаесет) судии.

Во текот на 2022 година, Советот донесе одлука за запирање на 8 (осум) постапки за утврдување на одговорност против судија или претседател на суд, од кои 6 (шест) се поведени во 2021 година, а 2 (две) се поведени во 2022 година. Четири барања против пет судии за постапки поведени во 2021 година се повлечени.

Советот на 4 (четири) судии им изрече дисциплински мерки и тоа:

- На 1(еден) судија за утврдена дисциплинска повреда му изрече дисциплинска мерка – намалување на плата во висина од 30% од месечната плата на судија во траење од 6 (шест) месеци);
- На 1(еден) претседател на суд за утврдена дисциплинска повреда му изрече дисциплинска мерка – намалување на плата во висина од 15% од месечната плата на судија во траење од 6 (шест) месеци);
- На 2 (двајца) судии за утврдена дисциплинска повреда им изрече писмена опомена.

Постапката по поднесени барања за утврдување на одговорност на судија или претседател на суд е во тек против 45 (четириесет и пет) судии.

Советот донесе одлуки за разрешување на 6 (шест) судии, 4 (четири) судии поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција и 1 (еден) судија поради сторена потешка дисциплинска повреда и за 1 (еден) судија во пензија е утврдено нестручно и несовесно вршење на судиската функција, и тоа:

- 1 (еден ) судија на Врховен суд на РСМ за постапка поведена во 2020 година;
- 1 (еден ) судија на Апелационен суд Штип за постапка поведена во 2021 година;
  1 (еден ) судија на Апелационен суд Штип за постапка поведена во 2021 година;
  1 (еден ) судија на суд Тетово за постапка поведена во 2021 година;
  1 (еден ) судија на Основен суд Штип за постапка поведена во 2021 година ( за судијата е констатирано нестручно и несовесно вршење на судиската функција-судија во пензија);
  1 (еден ) судија на Основен суд Велес за постапка поведена во 2022 година.

Против 6 (шест) одлуки за разрешување поднесени се жалби од страна на судиите, во кои одлуки спаѓа и одлуката за еден судија во пензија, за кој е констатирано нестручно и несовесно вршење на судиската функција. Советот за одлучување по жалби при Врховниот суд на Република Северна Македонија две одлуки на Советот потврди, три укина и повторените постапки пред Советот се завршени ( истите се правосилни ), а по една одлука постапката е во тек.

Во текот на 2022 година, Советот постапуваше по 1 (едно) барање за повторување на постапката по повод донесена пресуда на Европскиот суд за човекови права во Стразбур. По повод поднесената жалба, жалбениот совет при Врховниот суд на Република Северна Македонија го уважи барањето за повторување на постапката и решението на Судскиот совет го укина и предметот го врати на повторно постапување. По барањето за повторување на постапката, Советот донесе одлука со која го отфрли барањето и постапката ја запре.

Во текот на 2022 година утврден е престанок на судиската функција по сите основи предвидени со закон, и тоа:

- кај 64 судии е утврден престанок на судиската функција поради исполнување на услови за старосна пензија.
- кај 1 судија е утврден престанок на судиската функција поради смрт.
- кај 3 судии е утврден престанок на судиската функција поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција.

## *ОЦЕНА ЗА РАБОТАТА НА СУДИИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО ОДНОС НА КВАЛИТЕТОТ И АЖУРНОСТА ВО НИВНАТА РАБОТА КАКО И ДРУГИ ПРАШАЊА ВО ВРСКА СО ОСТВАРУВАЊЕТО НА НЕЗАВИСНОСТА И САМОСТОЈНОСТА НА СУДСТВОТО*

Согласно член 36 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, Советот меѓ другото е надлежен да ја следи и оценува работата на судиите и претседателите на судовите, како и да ги разгледува и оценува тромесечните и годишните извештаи за работата на судовите.

Советот во рамките на следењето и оценувањето на работата на судиите и судовите ги разгледа и ги оцени извештаите за работата на судовите во Република Северна Македонија, и тоа за работата на Врховниот суд на Република Северна Македонија, Вишиот управен суд, Управниот суд, апелационите судови и основните судови во Република Северна Македонија за 2022 година.

Согласно генерираните податоци преку АКМИС системот, изготвен е табеларен приказ на нерешените предмети од претходниот период, примените предмети, вкупно предмети во работа, решени предмети, нерешени предмети на крајот на периодот и разлика од нерешени предмети на почетокот и на крајот на 2022 година ( прикажани во прилог 3).

**Во Република Северна Македонија,** судовите месец јануари 2022 година го започнале со нерешени 97338 предмети, примиле во работа нови 602682 предмети, имале вкупно во работа 700020 предмети. Од овој фонд на предмети, решени се 590897, а останале нерешени 109123 предмети. Според наведените податоци на ниво на држава, судовите во 2022 година не успеале да го совладаат приливот на предмети и го зголемиле заостатокот за 11785 предмети.

Од статистичките извештаи за работата на судовите, може да се заклучи дека во 2022 година од вкупниот број на судови ажурни се 19, а неажурни се 15 судови, и тоа 2 апелациони и 13 основни судови.

**Врховниот суд на Република Северна Македонија** месец јануари 2022 година го започнал со нерешени 956 предмети, примил во работа нови 5065 предмети, што значи дека имал вкупно во работа 6021 предмети. Од овој фонд на предмети, решени се 5214, а останале на крајот на 2022 година нерешени 807 предмети. Според наведените податоци, Врховниот суд на Република Северна Македонија го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 149 предмети. Во 2022 година Врховниот суд на Република Северна Македонија се оценува како АЖУРЕН.

**Вишиот управен суд** месец јануари 2022 година го започнал со нерешени 795 предмети, примил во работа нови 3873 предмети и имал вкупно во работа 4668 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 3896, а останале нерешени 772 предмети. Според наведените податоци, Вишиот управен суд го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 23 предмети. Во 2022 година Вишиот управен суд се оценува како АЖУРЕН.

**Управниот суд** месец јануари 2022 година го започнал со нерешени 5590 предмети, примил во работа нови 8388 предмети, па имал вкупно во работа 13978 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 8730, а останале на крајот на 2022 година нерешени 5248 предмети. Според наведените податоци, Управниот суд го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 342 предмети. Во 2022 година Управниот суд се оценува како АЖУРЕН.

### Апелационо подрачје Битола

**Апелациониот суд Битола** месец јануари 2022 година го започнал со нерешени 701 предмет, примил во работа нови 5588 предмети, што значи дека имал вкупно во работа 6289 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 5657, а останале на крајот на 2022 година нерешени 632 предмети. Според наведените податоци Апелациониот суд Битола го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 69 предмети. Во 2022 година Апелациониот суд Битола се оценува како АЖУРЕН.

**Основниот суд Битола** месец јануари 2022 година го започнал со нерешени 4611 предмети, примил во работа нови 30669 предмети, имал вкупно во работа 35280 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 30169, а останале нерешени 5111 предмети. Според наведените податоци Основниот суд Битола не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 500 предмети. Во 2022 година Основниот суд Битола се оценува како НЕАЖУРЕН.

**Основниот суд Крушево** месец јануари 2022 година го започнал со нерешени 320 предмети, примил во работа нови 2160 предмети, имал вкупно во работа 2480 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 2077, а останале нерешени 403

предмети. Според наведените податоци Основниот суд Крушево не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 83 предмети. Во 2022 година Основниот суд Крушево се оценува како НЕАЖУРЕН.

**Основниот суд Охрид** месец јануари 2022 година го започнал со нерешени 4375 предмети, примил во работа нови 17541 предмети, значи дека имал вкупно во работа 21916 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 16363, а останале нерешени 5553 предмети. Според наведените податоци Основниот суд Охрид не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 1178 предмети. Во 2022 година Основниот суд Охрид се оценува како НЕАЖУРЕН.

**Основниот суд Прилеп** месец јануари 2022 година го започнал со нерешени 3774 предмети, примил во работа нови 14379 предмети, имал вкупно во работа 18153 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 12775, а останале нерешени 5378 предмети. Според наведените податоци Основниот суд Прилеп не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 1604 предмети. Во 2022 година Основниот суд Прилеп се оценува како НЕАЖУРЕН.

**Основниот суд Ресен** месец јануари 2022 година го започнал со нерешени 492 предмети, примил во работа нови 4464 предмети, значи дека имал вкупно во работа 4956 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 4470, а останале нерешени 486 предмети. Според наведените податоци, Основниот суд Ресен го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 6 предмети. Во 2022 година Основниот суд Ресен се оценува како АЖУРЕН.

**Основниот суд Струга** месец јануари 2022 година го започнал со нерешени 3597 предмети, примил во работа нови 17569 предмети, од кое произлегува дека имал вкупно во работа 21166 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 16310, а останале нерешени 4856 предмети. Според наведените податоци, Основниот суд Струга не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 1259 предмети. Во 2022 година Основниот суд Струга се оценува како НЕАЖУРЕН.

Според изнесените податоци за работата на судовите на подрачјето на Апелациониот суд Битола, се констатира дека основните судови од ова подрачје месец јануари 2022 година го започнале со нерешени 17169 предмети, примиле нови 86782 предмети и имале вкупно во работа 103951 предмети, решиле 82164 предмети, а останале нерешени 21787 предмети.

Од констатираните состојби произлегува дека судовите на подрачјето на Апелациониот суд Битола не успеале да го совладаат приливот на предмети и го зголемиле заостатокот за 4618 предмети на ниво на апелационото подрачје.

## Апелационо подрачје Гостивар

**Апелациониот суд Гостивар** месец јануари 2022 година го започнал со нерешени 663 предмети, примил во работа нови 5324 предмети, имал вкупно во работа 5987 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 5046, а останале нерешени 941 предмети. Според наведените податоци, Апелациониот суд Гостивар не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 278 предмети.

**Основниот суд Гостивар** месец јануари 2022 година го започнал со нерешени 7483 предмети, примил во работа нови 34786 предмети, имал вкупно во работа 42269 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 35435, а останале нерешени 6834 предмети. Според наведените податоци Основниот суд Гостивар го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 649 предмети. Во 2022 година Основниот суд Гостивар се оценува како АЖУРЕН.

**Основниот суд Дебар** месец јануари 2022 година го започнал со нерешени 492 предмети, примил во работа нови 108843 предмети, имал вкупно во работа 11335 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 10925, а останале нерешени 410 предмети. Според наведените податоци Основниот суд Дебар го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 82 предмети. Во 2022 година Основниот суд Дебар се оценува како АЖУРЕН.

**Основниот суд Кичево** месец јануари 2022 година го започнал со нерешени 2513 предмети, примил во работа нови 20371 предмети,имал вкупно во работа 22884 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 19526, а останале нерешени 3358 предмети. Според наведените податоци Основниот суд Кичево не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 845 предмети.Во 2022 година Основниот суд Кичево се оценува како НЕАЖУРЕН.

**Основниот суд Тетово** месец јануари 2022 година го започнал со нерешени 2381 предмети, примил во работа нови 59827 предмети, имал вкупно во работа 62208 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 58604, а останале нерешени 3604 предмети. Според наведените податоци Основниот суд Тетово не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 1223 предмети. Во 2022 година Основниот суд Тетово се оценува како НЕАЖУРЕН.

Според наведените податоци за работата на судовите на подрачјето на Апелациониот суд Гостивар, се констатира дека основните судови од ова подрачје во месец јануари 2022 година го започнале со нерешени 12869 предмети, примиле нови 125827 предмети и имале вкупно во работа 138696 предмети, решиле 124490 предмети, а останале нерешени 14206 предмети.

Од констатираната состојба, произлегува дека судовите на подрачјето на Апелациониот суд Гостивар не успеале да го совладаат приливот на предмети и го зголемиле заостатокот за 1337 предмети на ниво на апелационото подрачје.

**Апелационо подрачје Скопје**

**Апелациониот суд Скопје** месец јануари 2022 година го започнал со нерешени 6898 предмети, примил во работа нови 15519 предмети, имал вкупно во работа 22417 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 15573, а останале нерешени 6844 предмети. Според наведените податоци Апелациониот суд Скопје го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 54 предмети. Во 2022 година Апелациониот суд Скопје се оценува како АЖУРЕН.

**Основниот суд Велес** месец јануари 2022 година го започнал со нерешени 2737 предмети, примил во работа нови 25443 предмети, имал вкупно во работа 28180 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 2555, а останале нерешени 2625 предмети. Според наведените податоци Основниот суд Велес го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 112 предмети.Во 2022 година Основниот суд Велес се оценува како АЖУРЕН.

**Основниот суд Гевгелија** месец јануари 2022 година го започнал со нерешени 468 предмети, примил во работа нови 11968 предмети, имал вкупно во работа 12436 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 11969, а останале нерешени 467 предмети. Според наведените податоци Основниот суд Гевгелија го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 1 предмети.Во 2022 година Основниот суд Гевгелија се оценува како АЖУРЕН.

**Основниот суд Кавадарци** месец јануари 2022 година го започнал со нерешени 889 предмети, примил во работа нови 11966 предмети, имал вкупно во работа 12855 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 12211, а останале нерешени 644 предмети. Според наведените податоци Основниот суд Кавадарци го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 245 предмети.Во 2022 година Основниот суд Кавадарци се оценува како АЖУРЕН.

**Основниот суд Кратово** месец јануари 2022 година го започнал со нерешени 231 предмети, примил во работа нови 2829 предмети, имал вкупно во работа 3060 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 2831, а останале нерешени 229 предмети. Според наведените податоци Основниот суд Кратово го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 2 предмети. Во 2022 година Основниот суд Кратово се оценува како АЖУРЕН.

**Основниот суд Крива Паланка** месец јануари 2022 година го започнал со нерешени 1031 предмет, примил во работа нови 5337 предмети, имал вкупно во работа 6368 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 5348, а останале нерешени 1020 предмети. Според наведените податоци Основниот суд Крива Паланка го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 11 предмети.Во 2022 година Основниот суд Крива Паланка се оценува како АЖУРЕН.

**Основниот суд Куманово** месец јануари 2022 година го започнал со нерешени 3606 предмети, примил во работа нови 36575 предмети, имал вкупно во работа 40181 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 36680, а останале нерешени 3501 предмети. Според наведените податоци Основниот суд Куманово го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 105 предмети. Во 2022 година Основниот суд Куманово се оценува како АЖУРЕН.

**Основниот суд Неготино** месец јануари 2022 година го започнал со нерешени 980 предмети, примил во работа нови 6779 предмети, имал вкупно во работа 7759 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 7097, а останале нерешени 662 предмети. Според наведените податоци Основниот суд Неготино го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 318 предмети. Во 2022 година Основниот суд Неготино се оценува како АЖУРЕН.

**Основниот кривичен суд Скопје** месец јануари 2022 година го започнал со нерешени 13064 предмети, примил во работа нови 112012 предмети, имал вкупно во работа 125076 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 109183, а останале нерешени 15893 предмети. Според наведените податоци Основниот суд Скопје 1 Скопје не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 2829 предмети. Во 2022 година Основниот кривичен суд Скопје се оценува како НЕАЖУРЕН.

**Основниот граѓански суд Скопје** месец јануари 2022 година го започнал со нерешени 15194 предмети, примил во работа нови 46125 предмети, имал вкупно во работа 61319 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 43261, а останале нерешени 18058 предмети. Според наведените податоци Основниот суд Скопје 2 Скопје не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 2864 предмети. Во 2022 година Основниот граѓански суд Скопје се оценува како НЕАЖУРЕН.

Според наведените податоци за работата на судовите на подрачјето на Апелациониот суд Скопје, се констатира дека основните судови од ова подрачје во месец јануари 2022 година го започнале со нерешени 38200 предмети, примиле нови 259034 предмети и имале вкупно во работа 297234 предмети, решиле 254135 предмети, а останале нерешени 43099 предмети.

Од констатираните состојби произлегува дека судовите на подрачјето на Апелациониот суд Скопје не успеале да го совладаат приливот на предмети и го зголемиле заостатокот за 4899 предмети на ниво на апелационото подрачје.

## Апелационо подрачје Штип

**Апелациониот суд Штип** месец јануари 2022 година го започнал со нерешени 452 предмети, примил во работа нови 4628 предмети, имал вкупно во работа 5080 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 4273 а останале нерешени 807 предмети. Според наведените податоци Апелациониот суд Штип не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 355 предмети. Во 2022 година Апелациониот суд Штип се оценува како НЕАЖУРЕН.

**Основниот суд Берово** месец јануари 2022 година го започнал со нерешени 858 предмети, примил во работа нови 3270 предмети, имал вкупно во работа 4128 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 3458 предмети, а останале нерешени 670 предмети. Според наведените податоци Основниот суд Берово го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 188 предмети. Во 2022 година Основниот суд Берово се оценува како АЖУРЕН.

**Основниот суд Виница** месец јануари 2022 година го започнал со нерешени 703 предмети, примил во работа нови 4183 предмети,имал вкупно во работа 4886 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 4335, а останале нерешени 551 предмети. Според наведените податоци Основниот суд Виница го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 152 предмети. Во 2022 година Основниот суд Виница се оценува како АЖУРЕН.

**Основниот суд Делчево** месец јануари 2022 година го започнал со нерешени 1180 предмети, примил во работа нови 5343 предмети, имал вкупно во работа 6523 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 5012, а останале нерешени 1511 предмети.Според наведените податоци Основниот суд Делчево не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 331 предмети. Во 2022 година Основниот суд Делчево се оценува како НЕАЖУРЕН.

**Основниот суд Кочани** месец јануари 2022 година го започнал со нерешени 2023 предмети, примил во работа нови 12438 предмети, имал вкупно во работа 14461 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 12170, а останале нерешени 2291 предмети. Според наведените податоци Основниот суд Кочани не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 268 предмети. Во 2022 година Основниот суд Кочани се оценува како НЕАЖУРЕН.

**Основниот суд Радовиш** месец јануари 2022 година го започнал со нерешени 939 предмети, примил во работа нови 8839 предмети, имал вкупно во работа 9778 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 8452, а останале нерешени 1326 предмети. Според наведените податоци Основниот суд Радовиш не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 387 предмети. Во 2022 година Основниот суд Радовиш се оценува како НЕАЖУРЕН.

**Основниот суд Свети Николе** месец јануари 2022 година го започнал со нерешени 923 предмети, примил во работа нови 5241 предмети, имал вкупно во работа 6164 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 5307, а останале нерешени 857 предмети. Според наведените податоци Основниот суд Свети Николе го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 66 предмети. Во 2022 година Основниот суд Свети Николе се оценува како АЖУРЕН.

**Основниот суд Струмица** месец јануари 2022 година го започнал со нерешени 3186 предмети, примил во работа нови 19813 предмети, имал вкупно во работа 22999 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 20044, а останале нерешени 2955 предмети. Според наведените податоци Основниот суд Струмица го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 231 предмети. Во 2022 година Основниот суд Струмица се оценува како АЖУРЕН.

**Основниот суд Штип** месец јануари 2022 година го започнал со нерешени 3233 предмети, примил во работа нови 23527 предмети, имал вкупно во работа 26760 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 22941, а останале нерешени 3819 предмети. Според наведените податоци Основниот суд Штип не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 586 предмети. Во 2022 година Основниот суд Штип се оценува како НЕАЖУРЕН.

Според изнесените податоци за работата на судовите на подрачјето на Апелациониот суд Штип се констатира дека основните судови од ова подрачје во месец јануари 2022 година го започнале со нерешени 13045 предмети, примиле нови 82654 предмети и имале вкупно во работа 95699 предмети, решиле 81719 предмети, а останале нерешени 13980 предмети.

Од наведеното произлегува дека судовите на подрачјето на Апелациониот суд Штип не успеале да го совладаат приливот на предмети и го зголемиле заостатокот за 935 предмети на ниво на апелационото подрачје.

- **Состојба со стари предмети**

Во прилог на зголемување на ефикасноста во судството во текот на 2022 година, од страна на Советот во соработка со претседателите на судовите беа превземени конкретни мерки за намалување на заостатокот со старите предмети во судството, постари од три, седум и десет години. За да се намали бројот на постари предмети, особено на оние кои се постари од 7 и 10 години со одлука на Советот, преку претседателите на судовите, судиите беа задолжени кои имаат во работа стари предмети, да изготват план и проекција за решавање на секој предмет. Планот и проекцијата беа составен дел од извештаите на работните тела кои месечно се доставуваат до Советот. Како резултат на превземените мерки од страна на Советот, беа решени голем број на стари предмети во судовите, а тоа е прикажано во следната табела:

| | **Јануари 2022 година** | **Декември 2022 година** | **Зголемен заостаток** |
|---|---|---|---|
| **Постари од 3 години** | 2306 | 2568 | 262 |
| **Постари од 7 години** | 203 | 228 | 25 |
| **Постари од 10 години** | 111 | 118 | 7 |

- *Табела: состојба со стари предмети во судството*

| рб | Суд | Нерешени предмети од претходната година | Примени предмети | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Нерешени предмети на крајот од годината | Разлика од нерешени предмети на почеток и крај на годината |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Врховен суд на РМ** | 956 | 5065 | 6021 | 5214 | 807 | 149 |
| 2 | **Виш управен суд** | 5590 | 8388 | 13978 | 8730 | 5248 | 23 |
| 3 | **Управен суд на РМ** | 795 | 3873 | 4668 | 3896 | 772 | 342 |
| | **ВКУПНО** | **731** | **17326** | **24667** | **17840** | **6827** | **514** |
| | | | | | | | |
| 1 | **АС Битола** | 701 | 5588 | 6289 | 5657 | 632 | 69 |
| 2 | **АС Гостивар** | 663 | 5324 | 5987 | 5046 | 941 | -278 |
| 3 | **АС Скопје** | 6898 | 15519 | 22417 | 15573 | 6844 | 54 |
| 4 | **АС Штип** | 452 | 4628 | 5080 | 4273 | 807 | -355 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **ВКУПНО** | **8714** | **31059** | **39773** | **30549** | **9224** | **-510** |
| **АС БИТОЛА - Основни судови** | | | | | | | |
| 1 | **ОС Битола** | 4611 | 30669 | 35280 | 30169 | 5111 | -500 |
| 2 | **ОС Крушево** | 320 | 2160 | 2480 | 2077 | 403 | -83 |
| 3 | **ОС Охрид** | 4375 | 17541 | 21916 | 16363 | 5553 | -1178 |
| 4 | **ОС Прилеп** | 3774 | 14379 | 18153 | 12775 | 5378 | -1604 |
| 5 | **ОС Ресен** | 492 | 4464 | 4956 | 4470 | 486 | 6 |
| 6 | **ОС Струга** | 3597 | 17569 | 21166 | 16310 | 4856 | -1259 |
| | **ВКУПНО** | **17169** | **86782** | **103951** | **82164** | **21787** | **-4618** |
| **АС ГОСТИВАР- Основни судови** | | | | | | | |
| 1 | **ОС Гостивар** | 7483 | 34786 | 42269 | 35435 | 6834 | 649 |
| 2 | **ОС Дебар** | 492 | 10843 | 11335 | 10925 | 410 | 82 |
| 3 | **ОС Кичево** | 2513 | 20371 | 22884 | 19526 | 3358 | -845 |
| 4 | **ОС Тетово** | 2381 | 59827 | 62208 | 58604 | 3604 | -1223 |
| | **ВКУПНО** | **12869** | **125827** | **138696** | **124490** | **14206** | **-1337** |
| **АС СКОПЈЕ - Основни судови** | | | | | | | |
| 1 | **Основен граѓански суд Скопје** | 15194 | 46125 | 61319 | 43261 | 18058 | - 2864 |
| 2 | **Основен кривичен суд Скопје** | 13064 | 112012 | 125076 | 109183 | 15893 | -2829 |
| 3 | **ОС Велес** | 2737 | 25443 | 28180 | 25555 | 2625 | 112 |
| 4 | **ОС Гевгелија** | 468 | 11968 | 12436 | 11969 | 467 | 1 |
| 5 | **ОС Кавадарци** | 889 | 11966 | 12855 | 12211 | 644 | 245 |
| 6 | **ОС Кратово** | 231 | 2829 | 3060 | 2831 | 229 | 2 |
| 7 | **ОС Крива Паланка** | 1031 | 5337 | 6368 | 5348 | 1020 | 11 |
| 8 | **ОС Куманово** | 3606 | 36575 | 40181 | 36680 | 3501 | 105 |
| 9 | **ОС Неготино** | 980 | 6779 | 7759 | 7097 | 662 | 318 |
| | **ВКУПНО** | **38200** | **259034** | **297234** | **254135** | **43099** | **-4899** |
| **АС ШТИП - Основни судови** | | | | | | | |
| 1 | **ОС Берово** | 858 | 3270 | 4128 | 3458 | 670 | 188 |
| 2 | **ОС Виница** | 703 | 4183 | 4886 | 4335 | 551 | 152 |
| 3 | **ОС Делчево** | 1180 | 5343 | 6523 | 5012 | 1511 | -331 |
| 4 | **ОС Кочани** | 2023 | 12438 | 14461 | 12170 | 2291 | -268 |
| 5 | **ОС Радовиш** | 939 | 8839 | 9778 | 8452 | 1326 | -387 |
| 6 | **ОС Св. Николе** | 923 | 5241 | 6164 | 5307 | 857 | 66 |
| 7 | **ОС Струмица** | 3186 | 19813 | 22999 | 20044 | 2955 | 231 |
| 8 | **ОС Штип** | 3233 | 23527 | 26760 | 22941 | 3819 | -586 |
| | **ВКУПНО** | **13045** | **82654** | **95699** | **81719** | **13980** | **-935** |
| **Вкупно за судовите на цела територија на Р. Македонија** | | | | | | | |
| | **ВКУПНО** | **97338** | **602682** | **700020** | **590897** | **109123** | **-11785** |

## Број на пополнети судиски места

Според евиденцијата на пополнетите судиски места во судовите во Република Северна Македонија, се констатира следната состојба:

Доколку се споредуваат 2021 и 2022 година, може да се забележи дека на почетокот од 2022 година има 20 помалку судии во однос на почетокот на 2021 година. На крајот од 2022 година има 68 помалку судии во однос на крајот на 2021 година. Просечно во 2021 година може да се земе број од 493 судии, а во 2022 години 449 судии, или 44 судии помалку во 2022 година.

Советот утврди дека како причини за намалување на бројот на судии се природниот одлив на судии поради исполнување на услови за старосна пензија со последните измени на Законот за работни односи според кој условите за старосна пензија се стекнуваат со навршување на 64 години возраст, без можност за продолжување на мандатот на судиите како претходно и престанокот на судиската функција по други основи. Исто така, како причина е и непостоење на законски услови услови за избор на нови судии со оглед дека нема кандидати кои ја завршиле Академијата за судии и јавни обвинители.

**Полова и национална структура на судии во периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година**

| | | Вкупно | % |
|---|---|---|---|
| **Националност** | | | |
| 1 | Македонци | 366 | 75,77 |
| 2 | Албанци | 86 | 17,80 |
| 3 | Турци | 6 | 1,24 |
| 4 | Власи | 10 | 2,07 |
| 5 | Срби | 3 | 0,62 |
| 6 | Роми | 1 | 0,20 |
| 7 | Бошнаци | 6 | 1,24 |
| 8 | Други | 5 | 1,03 |
| **Пол** | | | |
| 1 | Мажи | 187 | 38,7 |
| 2 | Жени | 296 | 61,3 |
| | | | |
| **Вкупно** | | **483** | |

## Следење и оценување на работата на судиите

Согласно Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, следењето на работата на судиите и претседатели на судови се врши преку редовно и вонредно оценување. Оценувањето на судијата се врши според вкупните резултати од постигнатата успешност во работењето преку утврдените квалитативни и квантитативни критериуми согласно законот.

Целта на следењето и оценувањето на работата на судиите и претседателите на судовите е афирмација на судството како независна и самостојна власт, јакнење на личната мотивација на судиите, обезбедување натамошен професионален развој на судиите врз основа на нивните лични и професионални способности без какво било влијание, како и зајакнување на независноста и непристрасноста на судиите при вршењето на судската функција.

Според законот, редовното оценување на судијата или претседателот на суд се врши еднаш на четири години, додека вонредно оценување на работењето на судијата и претседателот на суд се врши во случај кога судија конкурира за избор на судија во повисок суд или за претседател на суд или пак за член на Советот.

Поради избор на претседатели и судии по објавени огласи во извештајниот период отпочната е постапка за вонредно оценување на судии, односно претседатели на судови.

Заради континуирано следење на работата на судиите, Советот на ден 27.12.2021 година донесе Интерен план за следење и оценување на работата на судовите, судиите и претседателите на судовите и Акционен план за период од 01.01.2022 до 31.12.2022 година.

## *ПОДАТОЦИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕТСТАВКИ И ПРЕДЛОЗИ НА ГРАЃАНИТЕ И ИНСТИТУЦИИТЕ ЗА РАБОТАТА НА СУДИИТЕ И СУДОВИТЕ*

Судскиот совет на Република Северна Македонија е надлежен и да постапува по претставки и поплаки на граѓаните и правните лица за работата на судовите, претседателите на судовите и судиите, согласно член 36 став 1 алинеја 15 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Во текот на 2022 година, на седница на Советот се разгледани вкупно 472 претставки, од кои 455 претставки се неосновани или 96,39%, 15 претставки се

основани или 3,17 %, 2 претсткави се делумно основани или 0,42% и 1 претставка е повлечена од подносителот или 0,21%.




Како основ за поднесување на претставките, согласно спроведените анализи, се констатира дека од вкупниот број на претставки по кои расправал Советот најголем е бројот на претставки во кои подносителите изразуваат незадоволство од утврдената фактичка состојба, односно изнесуваат жалбени наводи и бараат преиначување на веќе донесената одлука на судот или утврдување на поинаква фактичка состојба од веќе утврдената фактичка состојба од судот.

Во дел од претставките се изнесени наводи кои се однесуваат на оддолговлекување на постапката пред судот, за непочитување на предвидените рокови за превземање на процесни дејствија на донесување, објавување и изготвување на судските одлуки и сл.

Подносителите во дел од претставките сметаат дека судиите во текот на постапувањето по одделни предмети неправилно го примениле законот, односно сториле повреда на процесниот и материјалниот закон и постапиле нестручно и несовесно во вршење на судиската функција.

При постапувањето по претставка, Советот во случај кога ќе утврди дека наводите во претставката се основани, за тоа го известува подносителот на претставката и судијата кој постапувал по предметот. За основаните претставки за кои Советот констатирал пропусти во работата на судијата, понатаму постапува координаторот определен со Годишен распоред за работата на тој суд, а се води и евиденција за истото и се следи работата на судијата, со што доколку се констатира одредена состојба, таквото постапување на судијата може да биде основ Советот да

иницира постапка за утврдување одговорност заради нестручно и несовесно вршење на судиската функција.

Во случај кога се констатира неоснованост на претставката, се известува подносителот на претставката дека Советот е надлежен да ја преиспита работата на судијата, но не може да ја промени донесената одлука со оглед дека согласно чл.13 ст.3 од Законот за судовите е предвидено дека судската одлука може да се менува или укинува единствено од надлежен суд, во постапка пропишана со закон, а по евентуално изјавен правен лек.

Во секој случај по приемот на претставката во Советот, истата се распределува преку ЈКМИС системот кај член на Советот и веднаш се известува подносителот за тоа дека претставката е земена во работа, односно дека се постапува по истата, а и за исходот на постапката како и донесената одлука Советот го известува подносителот.

Од извршената анализа на поднесените претставки, се констатира дека тие се однесуваат на работата на судиите како во основните, така и на судиите во повисоките судови, односно апелационите, Управниот суд, Вишиот управен суд, како и на работата на судиите на Врховниот суд на Република Северна Македонија.

**Број на претставки по судови**

| Р. бр. | Суд | Вк. |
|---|---|---|
| 1 | ОС Берово | 0 |
| 2 | ОС Битола | 20 |
| 3 | ОС Велес | 18 |
| 4 | ОС Виница | 3 |
| 5 | ОС Гевгелија | 12 |
| 6 | ОС Гостивар | 25 |
| 7 | ОС Дебар | 5 |
| 8 | ОС Делчево | 5 |
| 9 | ОС Кавадарци | 12 |
| 10 | ОС Кичево | 21 |
| 11 | ОС Кочани | 10 |
| 12 | ОС Кратово | 3 |
| 13 | ОС Кр. Паланка | 2 |
| 14 | ОС Крушево | 1 |
| 15 | ОС Куманово | 13 |
| 16 | ОС Неготино | 2 |
| 17 | ОС Охрид | 19 |

| | | |
|---|---|---|
| 18 | ОС Прилеп | 9 |
| 19 | ОС Радовиш | 4 |
| 20 | ОС Ресен | 1 |
| 21 | ОС Св. Николе | 0 |
| 22 | Основен граѓански суд Скопје | 89 |
| 23 | Основен кривичен суд Скопје | 39 |
| 24 | ОС Струга | 12 |
| 25 | ОС Струмица | 9 |
| 26 | ОС Тетово | 19 |
| 27 | ОС Штип | 4 |
| 28 | АС Битола | 39 |
| 29 | АС Гостивар | 26 |
| 30 | АС Скопје | 72 |
| 31 | АС Штип | 9 |
| 32 | Врховен суд на РСМ | 9 |
| 33 | Управен суд | 31 |
| 34 | Виш управен суд | 14 |

| | |
|---|---|
| Вкупно | 557 |

*НАПОМЕНА: Бројот на претставки по кои Советот постапувал и бројот на преставки по судови се разликува бидејќи една преставка може да се однесува на повеќе судови.*

Од анализата на претставките поднесени по судови, презентирани во горенаведената табела, произлегува дека најголем број на однесуваат на работата на судовите на апелационото подрачје Скопје.

Како подносители на претставките се јавуваат физички лица, правни лица, невладини организации и здруженија на граѓани, сојузи, адвокати и сл.

Советот постапуваше и по претставки препратени на надлежност од други државни институции од кои најбројни беа од Министерството за правда.

Исто така, Советот постапуваше и по анонимните претставки, во смисла на тоа дека се испитуваа наводите во тие претставки и се преземаа дејствија по истите доколку постоеја индиции за нивна основаност, односно кога Советот констатира дека истото е од јавен интерес.

**Листа на претставки по подносители**

| | |
|---|---|
| **1. Физички лица** | |
| Вкупно: | 428 |
| **2. Правни лица** | |
| АД | 2 |
| ДОО | 0 |
| ДООЕЛ | 8 |
| ЈП | 0 |
| Други | 0 |
| Вкупно: | 10 |

| | |
|---|---|
| **3. Невладини организации и здруженија на граѓани** | |
| Вкупно: | 2 |

| | |
|---|---|
| **4. Државни институции (препратено на надлежност)** | |
| Агенции при Влада на РСМ | 9 |
| Државна комисија за спречување на корупцијата | 13 |
| Јавно обвинителство | 1 |
| Министерство за правда | 26 |
| Народен правобранител | 2 |
| Собрание на РСМ | 0 |
| Вкупно: | 51 |

| | |
|---|---|
| **5. Анонимни** | |
| Вкупно: | 3 |

*НАПОМЕНА: Бројот на претставки по кои Советот постапувал и бројот на подносителите на преставки се разликува бидејќи една преставка може да биде поднесена од повеќе физички лица.*

Судскиот совет на Република Северна Македонија јавно, објективно, неселективно и ажурно постапуваше по претставките и поплаките, како во однос на доставување на известување до подносителот, така и во однос на превземање на дејствија за решавање на проблемот со кои подносителите на претставките се соочуваат во текот на судските постапки. Со ова, Советот даде придонес за зајакнување на довербата на граѓаните во судството.

***Податоци за барања и постапување по дописи од други институции***

Во текот на 2022 година од страна на Судскиот совет на Република Северна Македонија доставено е едно известување до Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција во врска со постапка за одговорност на судии и доставена е една кривична пријава против адвокат.

Од страна на Судскиот совет на Република Северна Македонија до Државната комисија за спречување на корупцијата доставени се вкупно 21 допис, односно известувања во врска со поднесени претставки и поплаки, со поднесени барања за одговорност на судии/претседатели на судови, како и во врска со јавни набавки.

# РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ

## 1. ***Независност на судството***

Основните вредности кои вклучуваат владеење на правото и почитување на човековите права, се од огромно влијание за постоење на ефективен судски систем, систем кој е независен, ефикасен и висококвалитетен.

Уставот на Република Северна Македонија и Законот за судовите ја гарантираат независноста и самостојноста на судовите како самостојни и независни државни органи, кои судската власт ја вршат на начин што судат и носат одлуки засновани врз основа на Уставот, законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот. Во примената на правото, судовите ги заштитуваат човековите слободи и права.

Судскиот совет, како самостоен и независен орган на судството, преку остварување на своите функции согласно со Уставот и законите, ја обезбедува и гарантира самостојноста и независноста на судската власт.

Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, објавен во Службен весник на РСМ бр.102/19, во однос на составот и правата на членовите по функција да учествуваат во работата на Советот, без право на глас, како и утврдување на случаите кога не можат да расправаат и учествуваат во работата на Советот, ги следат европските стандарди и обезбедуваат Судскиот совет на Република Северна Македонија да биде целосно функционално и независно тело.

## 2. ***Финансиска независност на судската власт***

Советот се залага за зголемување на процентот на судскиот буџет во однос на Бруто домашниот производ од сегашните 0,3% на годишно ниво на законски определените 0,8 % од Буџетот за судска власт.

## 3. ***Континуирано следење на работата на судовите за зајакнување на човечките ресурси***

Членовите на Советот продолжија со интензивната соработката со претседателите на судовите и судиите, заради согледување на состојбите во соодветниот суд и тековните проблеми и потоа во рамките на надлежностите беа превземени соодветни активности заедно со претседателите на судовите за нивно надминување.

Заради обезбедување на фукционалност на Центарот за статистика и аналитика, Советот изработи План за вработување за 2022 година, во кој беше предвидено пополнување на работни места во Одделението за статистика и аналитика и истиот од страна на Министерството за финансии беше одобрен и реализиран во тековната 2022 година.

## 4. ***Проекција за слободни судиски места***

Советот донесе одлука со која го утврди бројот на слободни судиски места во основните судови во Република Северна Македонија на 150 (сто и педесет) за X-тата генерација на кандидати за судии во Академијата за судии и јавни обвинители, земајќи ги предвид вкупниот број на слободни судиски места за судии во основните судови, како и проекција за потребите од местата кои ќе се пополнат по завршување на почетната обука.

## 5. ***Анализа на тромесечните и годишните извештаи за работа на Судовите***

Советот на седница расправа и ги оценува тромесечните и годишните извештаи за работа на судовите во Република Северна Македонија, кои од страна на судовите во текот на годината се доставаа до Советот и се навремено објавени на веб страната на Советот.

Заради континуирано следење на состојбата со предметите во судовите, формирани се комисии од членови на Советот и изготвен е Акционен план за период

од 01.01.2022 до 31.12.2022 година. Истовремено со Годишниот распоред за работа, секој член на Советот е определен за координатор за следење на работата на одреден суд.

### 6. ***Зајакнување на транспарентноста во функција на подобрување на угледот на Судскиот совет***

Една од основните определби на Советот во остварувањето на работите од својата надлежност е остварување на начелото на транспарентност и отвореност во работењето и зголемена партиципативност на јавноста.

Во делот на градење и афирмација на транспарентност во работата, Советот продолжи со своите активности, при што целокупната работа на Советот е јавна, вклучително и седниците на Советот, освен оние на кои согласно законот јавноста е исклучена. На овој начин се овозможува јавните седници на Советот непречено да ги следат граѓаните, претставници на медиумите, претставници на невладиниот сектор и сите останати.

Советот обезбедува редовно и транспарентно објавување информации преку интернет страницата http://www.ssrm.mk за одлуките донесени од страна на Советот, за извршените избори и разрешувања на судиите, објавување на правосилните одлуки за утврдена одговорност на судиите во вршење на судиската функција, одлуки и заклучоци кои се однесуваат на следење и оценување на работата на судиите и судовите, како и за останати активности на Советот.

Советот, во рамките на законски утврдените надлежности во 2022 година, настојуваше отворено и транспарентно да обезбеди проток на информации со цел јавноста и граѓаните да бидат навремено и точно запознати и информирани за сите активности што Советот ги презема.

### 7. ***Донесување на општи акти со кои Советот ги уредува работите од своја надлежност***

На ден 29.03.2022 година донесен е Правилник за формирање и работење на комисиите на Судскиот совет на Република Северна Македонија за редовно и вонредно оценување. Со овој правилник се уредува начинот на формирање и работење на комисиите за оценување на работата на судија и претседател на суд и комисиите за повторно оценување на работата на судија и претседател на суд.

На ден 24.08.2022 година донесена е Одлука за измена и дополнување на Методологијата со индикатори за утврдување на сложеноста на предметите бр.02-1395/1 од 07.09.2021 година, па така во член 10 став 1 точка д, стои „Ниво на

сложеност на предметот претставува квантитативна мерка за сложеност меѓу 1 и 6 која зависи исклучиво од параметрите на судскиот предмет и горенаведените параметри", а во член 28 стои: „Едноставен – вредност 1, 2; Сложен – вредност 3, 4; Многу сложен – вредност 5, 6„.

На ден 19.10.2022 година донесен е Етички кодекс за членовите на Судскиот совет на Република Северна Македонија. Во Етичкиот кодекс се утврдени начелата и правилата на морално и етичко однесување на членовите на Советот во вршење на нивната функција и надвор од неа, со цел да се манифестира култура на интегритет во однесувањето, постапувањето и одлучувањето на секој член на Советот. Содржани се начела како израз на висока свет за значењето и улогата на Советот, како институција за обезбедување на независноста и самостојноста на судството во Република Северна Македонија.

На ден 07.12.2022 година донесена е Програма и Акционен план за превенција и следење на корупција во судството 2022-2025. Во програмата и акциониот план дадени се клучните фактори во борбата со корупцијата, проценка на ризиците, идентификување на факторите од ризик од корупција, анализа на ризикот од корупција, и тоа ризикот од корупција во Судскиот совет и во судството воопшто и придонес на други за перцепција за корупција во судството. Содржани се целите на акциониот план за воспоставување на ефикасен систем на мерки и активности кои ќе овозможат превенција и борба со корупцијата и ќе остварат цели кои кои ќе ги намалат проблемите и ризичните фактори за појава на корупција. Секако, предвидена е имплементација на акциоиот план кој мора да биде транспарентен процес и нагласена е комуникацијата со јавноста, како и човечките и материјалните ресурси како многу важни фактори во насока на имплементација.

На ден 29.12.2012 година Советот донесе Деловник за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Судскиот совет на Република Северна Македонија, со цел поконкретно да се регулира постапката за утврдување на одговорност на судија или претседател на суд, за учеството на претставник од Здружението за судии на Република Северна Македонија и на подносителот на барањето, за содржината на барањето, за прецизирање на истото, за водење на единствена постапка кога станува збор за одговорност на повеќе судии или претседатели на судови, и донесување на поединечни одлуки, како и можност за раздвојување и спојување на постапките.

## 8. *Меѓународна соработка*

Во доменот на меѓународната соработка, Советот во текот на 2022 година ги реализираше следните активности:

- Учество на Генерално Собрание на Европска мержа на Судски совети на тема – Судска солидарност во времиња на криза, во организација на Европски Судски совет, кое се реализираше во периодот од 01 до 04 јуни 2022 година, во Атина-Р. Грција;
- Студиска посета во Осло-Кралство Норвешка во врска со Програма за судска реформа за Западен Балкан, во организација на Норвешка судска администрација, која се реализираше во периодот од 05 до 10 октомври 2022 година;
- Потпишан е Меморандум за продлабочување на регионална соработка на Судските совети.

## БУЏЕТ И ФИНАНСИРАЊЕ

Согласно Законот за судски буџет ( Службен весник на РМ“ бр.60/03, 37/06, 103/08 и 145/10), судскиот буџет е дел од Буџетот на Република Македонија, издвоен како посебен дел означен со Судска власт.

За вршење на работите во врска со судскиот буџет е задолжен Судскиот буџетски совет (во понатамошниот текст СБС), кој е составен од претседател и 10 членови. Претседател на Судскиот буџетски совет е претседателот на Судскиот совет на Република Северна Македонија.

СБС работи на седници на кои се разгледуваат прашања поставени на дневен ред од страна на претседателот на СБС, членовите на СБС или прашања иницирани од страна на единките корисници.

Во текот на 2022 година СБС одржа 18 седници, на кои беа донесени одлуки во врска со распределбата на буџетот наменет за судската власт и неговото извршување.

Исто така, во континуитет се следеше реализацијата на судскиот буџет со цел донесување одлуки за пренамена на средствата заради обезбедување максимална реализација на буџетот.

### *КАДРОВСКА СОСТОЈБА ВО СУДСКАТА ВЛАСТ ЗА 2022 ГОДИНА*

Човечките ресурси се најважните ресурси со кои располага секоја судска власт, а овој факт најдобро се прикажува со високото процентуално учество на расходите за човечки ресурси, кои што изнесуваат приближно 75 % во структурата на расходната страна на судскиот буџет.

Квалитетот, обемот и степенот на развој на човечките ресурси и нивниот потенцијал го условува функционирањето, независноста и ефикасноста на судската власт, како и степенот на доверба во судската власт во општеството.

Носечкиот столб во обезбедувањето и заштитата на правдата, човековите права и слободи е судијата, па затоа обезбедувањето на соодветни услови за непречно остварување на судиската функција е приоритет.

Бројот на вработени во судската власт на 31.12.2022 година изнесува 2678 лица, а на ден 31.12.2021 година биле вработени вкупно 2.768 лица. Во наредната табела е дадено движењето на бројот на вработени во судската власт од 2019 до 2022 година и тоа по поделни категории при што е евидентно намалување на бројот на активни судии секоја година.

| | | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Членови на Судски совет на РМ (ССРСМ) | 11 | 13 | 13 | 13 |
| 2 | Судии | 499 | 493 | 473 | 409 |
| 3 | Директор и Заменик Директор на Академија | 1 | 1 | 2 | 2 |
| 4 | Административни службеници | 44 | 44 | 43 | 46 |
| 5 | Работници во ССРСМ и АСЈО | 9 | 11 | 13 | 10 |
| 6 | Судски службеници | 1.938 | 1.926 | 1.885 | 1863 |
| 7 | Судска полиција | 190 | 187 | 189 | 194 |
| 8 | Работници во судовите | 142 | 152 | 150 | 141 |
| | **Вкупно** | **2.834** | **2.827** | **2.768** | **2678** |

*Табела: Број на вработени во судска власт вкупно*

Бројот на вработени во Судскиот совет на РСМ и Академија за судии и јавни обвинители е 71 и тоа:

| Организација | Претседател | Членови | Директор/заменик | Раководни административни служ | Стручни административни службеници | Административно-технички службеници | Работник | Вкупен број на вработени |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Судски совет на РСМ | 1 | 12 | | 15 | 9 | 5 | 6 | **48** |
| Академија | | | 2 | 3 | 11 | 3 | 4 | **23** |
| **ВКУПНО:** | **1** | **12** | **2** | **18** | **20** | **8** | **10** | **71** |

*Табела: Број на вработени во Судски совет на РСМ и Академија за судии*

Бројот на вработени во судовите на Република Северна Македонија изнесува 2607 лица, а во табелата е даден бројот на вработени во секој суд по број на судии, број на раководни судски службеници, стручни судски службеници, административно технички службеници, припадници на судска полиција и работници.

| Суд | Судии предвидени по систематизација | Судии | Раководни судски службеници | Стручни судски службеници | Административно - технички судски службеници | Судска полиција | Работник | Вкупен број на вработени | Соодност стручни/судии | Соодност админ/судии |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Врховен суд на РМ | 28 | 14 | 15 | 21 | 22 | 5 | 9 | **86** | 1,50 | 1,57 |
| Виш управен суд | 13 | 10 | 3 | 4 | 11 | 1 | | **29** | 0,40 | 1,10 |
| Управен суд | 33 | 27 | 3 | 30 | 41 | 4 | 2 | **107** | 1,11 | 1,52 |
| АС Скопје | 52 | 35 | 4 | 43 | 50 | 7 | 17 | **156** | 1,23 | 1,43 |
| АС Битола | 25 | 16 | 2 | 15 | 19 | 8 | 3 | **63** | 0,94 | 1,19 |
| АС Штип | 16 | 8 | 4 | 13 | 19 | 6 | 2 | **52** | 1,63 | 2,38 |
| АС Гостивар | 16 | 11 | 2 | 19 | 12 | | 3 | **47** | 1,73 | 1,09 |
| Основен кривичен суд | 70 | 48 | 4 | 56 | 197 | 19 | 14 | **338** | 1,17 | 4,10 |
| Основен граѓански суд | 77 | 57 | 3 | 71 | 160 | 8 | 9 | **308** | 1,25 | 2,81 |
| ОС Велес | 18 | 14 | 1 | 11 | 29 | 8 | 2 | **65** | 0,79 | 2,07 |
| ОС Куманово | 34 | 20 | 2 | 27 | 69 | 9 | 8 | **135** | 1,35 | 3,45 |
| ОС Битола | 25 | 13 | 2 | 22 | 61 | 6 | 7 | **111** | 1,69 | 4,69 |
| ОС Штип | 19 | 12 | 1 | 13 | 41 | 6 | 2 | **75** | 1,08 | 3,42 |
| ОС Струмица | 20 | 9 | 2 | 9 | 36 | 6 | 5 | **67** | 1,00 | 4,00 |
| ОС Кочани | 10 | 7 | 2 | 4 | 23 | 8 | 4 | **48** | 0,57 | 3,29 |
| ОС Прилеп | 18 | 6 | 3 | 13 | 47 | 6 | 6 | **81** | 2,17 | 7,83 |
| ОС Охрид | 18 | 13 | 2 | 13 | 51 | 5 | 5 | **89** | 1,00 | 3,92 |
| ОС Гостивар | 24 | 18 | 1 | 28 | 54 | 5 | 6 | **112** | 1,56 | 3,00 |
| ОС Тетово | 26 | 15 | 3 | 48 | 57 | 7 | 9 | **139** | 3,20 | 3,80 |
| ОС Кавадарци | 10 | 7 | 2 | 10 | 28 | 6 | 1 | **54** | 1,43 | 4,00 |
| ОС Неготино | 5 | 5 | | 4 | 13 | 4 | 1 | **27** | 0,80 | 2,60 |
| ОС Гевгелија | 13 | 8 | 3 | 7 | 29 | 5 | 2 | **54** | 0,88 | 3,63 |
| ОС Кратово | 3 | 2 | | 2 | 12 | 4 | 1 | **21** | 1,00 | 6,00 |
| ОС Крива Паланка | 6 | 4 | 1 | 7 | 17 | 4 | 2 | **35** | 1,75 | 4,25 |
| ОС Крушево | 3 | 1 | 1 | 3 | 5 | 3 | 2 | **15** | 3,00 | 5,00 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ОС Ресен | 4 | 3 | | 4 | 11 | 4 | 1 | **23** | 1,33 | 3,67 |
| ОС Струга | 15 | 6 | 2 | 12 | 27 | 4 | 4 | **55** | 2,00 | 4,50 |
| ОС Свети Николе | 4 | 3 | | 3 | 11 | 4 | 2 | **23** | 1,00 | 3,67 |
| ОС Виница | 3 | 2 | 1 | 2 | 11 | 5 | 1 | **22** | 1,00 | 5,50 |
| ОС Делчево | 4 | 1 | | 5 | 16 | 7 | 3 | **32** | 5,00 | 16,00 |
| ОС Берово | 3 | 1 | | 2 | 12 | 6 | 1 | **22** | 2,00 | 12,00 |
| ОС Радовиш | 6 | 2 | 1 | 6 | 11 | 5 | 2 | **27** | 3,00 | 5,50 |
| ОС Дебар | 5 | 3 | | 5 | 13 | 4 | 1 | **26** | 1,67 | 4,33 |
| ОС Кичево | 13 | 8 | 1 | 18 | 27 | 5 | 4 | **63** | 2,25 | 3,38 |
| **ВКУПНО:** | **639** | **409** | **71** | **550** | **1242** | **194** | **141** | **2607** | 1,34 | 3,04 |

Вработувањето во судската власт е регулирано со Законот за судска служба, Законот за административни вработени, Законот за вработени во јавниот сектор, Законот за работни односи и Законот за буџет.

Со Единствениот годишен план за вработувања во судовите за 2022 година беа предвидени 80 вработувања на неопределено време и 111 унапредувања.

Во периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година во судската власт вкупно се реализирани 308 вработувања по разни основи и тоа: 119 извршители се вработени по објавен оглас на неопределено време (по добиена согласност или обнова на согласност од Министерството за финансии согласно Годишен план за вработување за 2022 година или Годишен план за вработување за 2021 година), потоа 177 извршители се вработени по објавени огласи за вработување на определено време и 12 извршители се превземени од државни органи и институции надвор од судската власт. Во периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година во судската власт се реализираа и 127 унапредувања по објавени интерни огласи (по добиена согласност или обнова на согласност од Министерството за финансии согласно Годишен план за вработување за 2022 година или Годишен план за вработување за 2021 година)

Иако во текот на 2022 година во судовите се реализираа нови вработувања, состојбата од недостиг на соодветен потребен кадар во судството беше присутна и во текот на оваа година, а кое нешто се однесува на:

- бројот на ИТ лица во судовите постојано се намалува, а на огласите за вработувања на нови ИТ лица генерално нема кандидати. Вработените ИТ лица се преоптоварени со работа, особено во судовите со проширена надлежност како и Основниот кривичен суд Скопје и Основниот граѓански суд Скопје;

- раководен кадар кој ќе му помага на претседателот на судот, односно судскиот администратор во раководењето со судската служба и вршењето на работите од судската управа (судски администратори во неколку суда, раководители на служба, раководители на судски оддел, раководители на судско одделение, раководители на одделение и сл.);
-
- стручен и административно технички кадар кој е директно во функција на судиите и остварувањето на нивната функција (судски соработници, дактилографи, преведувачи, доставувачи, вработени во писарница и сл.);

- стручни кадри од областа на управувањето со човечките ресурси, внатрешна ревизија, јавна внатрешна финансиска контрола, и сл. односно кадри кои не се директно во корелација со судиската функција, но кои современите текови на функционирање на институциите ги наметнуваат како потреба;

- помошно технички кадар (хигиеничарки, возачи и сл).

## *МАТЕРИЈАЛНО ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА ВО СУДСТВОТО И ВО СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА*

### ***СУДСТВО***

Самостојниот судски буџет како гаранција за обезбедување сигурен извор на финансиски средства, навремена и редовна дистрибуција на истите до сите сегменти на судскиот систем, претставува една од темелните вредности врз која се заснова целосното етаблирање на самостојно и независно судство како носител на судската власт.

Почнувајќи од 2012 година требаше да започне примената на член 4 и член 16 од Законот за измена на Законот за судски буџет („Службен весник на Република Македонија“ бр.145 од 05.11.2010 година), кој предвидува средствата за ''судска власт'' во Буџетот на Република Северна Македонија потребни за функционирање на единките корисници, да се утврдуваат во износ од најмалку 0,8% од БДП на Република Северна Македонија, со сукцесивно зголемување почнувајќи од буџетската 2012 година, кога судскиот буџет требаше да изнесува 0,5% од БДП. Оваа законска одредба не се примени ниту во 2022 година.

Согласно Законот за судскиот буџет, судскиот буџет претставува годишна процена на приходите и трошоците на единките корисници на судската власт што ги утврдува Собранието на Република Северна Македонија и е наменет за нивно финансирање.

Судскиот буџет се состои од две програми:

- **Програма 20-** ***судска администрација,*** која ги опфаќа средствата за финансирање на активностите и функциите на Судскиот совет на РСМ, Врховниот суд на РСМ, Вишиот управен суд, Управниот суд, апелациските судови и основните судови со основна и проширена надлежност.
- **Програма 30-** ***Академија за судии и јавни обвинители,*** која ги опфаќа средствата за финансирање на активностите на Академијата.

Во 2022 година вкупно одобрениот буџет за судската власт за двете програми изнесуваше 2.342.277.000 денари. Од овие средства 2.188.000.000 денари беа одобрени како расходи од Основен Буџет на Република Северна Македонија на буџетската сметка, 147.431.000 денари беа како расходи од Основен Буџет на Република Северна Македонија на сметката на сопствени приходи, 5.140.000 се средства од донации и 1.500.000 денари се однесуваа на расходи од самофинансирачки активности. Средствата од сметката на сопствените приходи се остварени од наплата на судските паушали, закупнини од издавање на деловен простор што согласно Законот за судски буџет се приходи на судовите и др.

Во текот на годината беа извршени измени и дополнувања на Буџетот на Република Северна Македонија, а беа извршени и бројни пренамени со цел максимално искористување на средствата согласно потребите на единките корисници на судската власт.

| **Категорија** | **Конечен буџет 2022, програма 20** | **%** | **Конечен буџет 2022 програма 30** | **%** | **Конечен буџет 2022 ВКУПНО 29010** | **%** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **40** | **1.658.163.000** | **74,33%** | **78.953.000** | **70,82%** | **1.737.116.000** | **74,16%** |
| **42** | **336.572.362** | **15,09%** | **28.030.000** | **24,14%** | **364.602.362** | **15,57%** |
| **46** | **75.497.832** | **3,38%** | **2.010.000** | **1,80%** | **77.507.832** | **3,31%** |
| **48** | **160.560.806** | **7,20%** | **2.490.000** | **2,24%** | **163.050.806** | **6,96%** |

***Табела: Структура на конечен буџет судска власт за 2022 година по категории и програми***

Притоа, забележливо е доминантното учество од 74,16% на категоријата 40-плати и надоместоци од плати, а пониското учество на останатите категоријата 42 стоки и услуги во рамките на која се обезбедуваат средства за тековно работење на единките корисници на судската власт, категорија 46-Субвенции и трансфери каде се

обезбедуваат средства за исплата на обврски од права од работен однос на вработените, обврски по правосилни и извршни решенија и категорија 48-Капитални расходи каде се обезбедуваат средства за реновирање на судските згради, за набавка на потребна нова опрема, хардверски и сотфтверски системи.




Важно е да се напомене дека во 2022 година беа обезбедени средства за набавка на нови сервери во сите судови и Судски совет на Република Северна Македонија со кои ќе се подобри безбедноста, брзината и капацитетот на информатичкиот систем во судството.

Исто така, се обезбедија средства за целосно реновирање на зградата на Управниот суд кој новите простории започна да ги користи од 6 јуни 2022 година и целосно се реши проблемот со просторните капацитети на овој суд.

***<u>СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА</u>***

Судскиот совет на Република Северна Македонија како самостоен орган своето финансиско работење го темели единствено од средствата на Буџетот на судската власт за 2022 година, кои средства како единка корисник ги добива со распределба од Судскиот буџетски совет.

Судскиот совет на Република Северна Македонија трошењето на одобрените средства ги реализира преку својата буџетска сметка 290100053160310, програма 20-

судска администрација и тоа преку Министерството за финансии - трезорската канцеларија - Скопје.

Во составот на Судскиот совет, како издвоен дел функционира Судскиот буџетски совет, задолжен за вршење на работите во врска со судскиот буџет.

Стручните и административните работи на Судскиот буџетски совет ги врши стручна служба која е формирана како внатрешна организациона единица во рамките на овој орган.

Сите обврски, трошоци, плати и други расходи за функционирање на Судски буџетски совет се на товар на буџетската сметка на Судскиот совет.

Во календарската 2022 година за функционирањето на овој орган се потрошени финансиски средства во износ од **50.934.967,00** денари, кои во споредба со трошоците во 2021 година во износ од **42.550.423,00** денари претставува зголемување на Буџет во номинален износ од **8.384.544,00** денари.

Бројот на вработените во Судскиот совет на Република Северна Македонија во 2022 изнесува 48 вработени, од кои 13 се именувани лица како членови на Советот согласно Законот на Судскиот совет на Република Северна Македонија, 30 како административни службеници од кои 1 генерален секретар назначен согласно Законот за административни службеници, 4 вработени како помошни – технички лица и 1 лице е вработено на определено време до 31.12.2021 година. Со стручната служба на советот раководи генерален секретар, согласно член 101 став 2 од Законот за судски совет на Република Северна Македонија.

Од погоре наведеното произлегува дека за остварување на работите од својот делокруг, утврдени со Уставот на Република Македонија и Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, во изминатата фискална година имаше реализација на финансиски средства во износ од **50.934.967,00** денари, при што се испочитувани принципите на рационално, ефикасно и строго наменско трошење.

Показателите за реализација на буџетот збирно и по одделни расходни ставки, укажуваат на голем степен на искористеност на одобрените финансиски средства, односно реализацијата на вкупниот Буџет од 98.8% дефиниран за Судскиот совет со Годишниот финансиски план за 2022 година. Вака високиот процент на искористеност укажува дека во континуитет се следеше реализацијата на истиот со цел навремено донесување одлуки за потребните прераспределби, пренамени или проширувања на кварталните планови во рамки на Годишниот финансиски план, за да се подмират обврските кон комитентите и да се избегнат високи камати за реализација на доспеаните фактури за извршените услуги.

При користењето на планираните финансиски средства основен принцип е наменското трошење и дефинираните позиции во Годишниот план за јавни набавки.

Преглед на реализација на финансиски средства во процентуален и номинален износ во однос на одобрените средства од Буџетот на РСМ, преку Судски буџетски совет.

| **Преглед на реализирани финансиски средства за 2022 година.** | | |
|---|---|---|
| | | |
| *О П И С* | *Финансиски средства* | *процент* |
| | | |
| 1. Вкупно средства добиени од Буџетот | **51.570.586,00 ден.** | **100,00 %** |
| 2. Потрошени средства-остварени расходи | **50.934.967,00** ден. | **98,8%** |
| 3. Остаток- непотрошени средства во износ | **635.619,00 ден.** | **1,2%** |

Конкретно, потрошени средства за плати, придонеси од плати и надоместоци од плати

| **Потрошени средства за плати и надоместоци од плата:** | |
|---|---|
| 1. Основни плати и персонален данок | **28.019.847,00 денари** |
| 2. Придонеси за ПИО, здравство,вработување | **10.882.813,00 денари** |
| 3. Останати надоместоци | **318.943,00 денари** |
| **Вкупно за плати и надоместоци** | **39.221.603,00 денари** |

Поконкретно, потрошени средства за плати и придонеси од плати во однос на другите трошоци претставени табеларно и на графикон:

| | |
|---|---|
| **1.Плати и надоместоци од плата** | **39.221.603,00 денари** |
| **2.Вкупно други трошоци** | **11.713.364,00 денари** |
| **3.Реализиран Буџет за 2021 год.** | **50.934.967,00** ден. |




Аналитички табеларен преглед на реализираните буџетски средства на синтетички конта од класа 4-Расходи за 2021 по категори е следен:

| Категорија | Износ |
|---|---|
| **40- Плати и надоместоци од плата** | **39.221.603,00** |
| **42-Стоки и услуги** | **7.773.581**,00 |
| **46-Субвенции и трасфери** | **753.233,00** |
| **48-Капитални расходи** | **3.186.550,00** |
| **Вкупно** | **50.934.967,00** |

Графички преглед 2022 година:




Во 2022 година се испатени платите со сите задлолжителни придонеси во износ од **39.221.603,00 денари** денари кој преставува **76%** од вкупниот буџет на советот. За комунални услуги, греење и комуникација е извшено плаќање во износ од **3.670.535,00 денари** и тоа за парно греење, електрична енергија и за исплатените реални патни трошоци за членовите кои се од внатрешноста.

Во прегледот подолу номинално се прикажани реалните трошоци во 2021 година по расходни ставки од 420 до 480:

| **Расходна ставка** 1 | **Планирани** 2 | **Реализирани** 3 | **Процент на реализација во %** 4=3/2 | **Разлика** 5=2-3 |
|---|---|---|---|---|
| **420-Патни и дневни расходи** | **659.200,00** | **555.942,00** | **84 %** | **103.258,00** |
| 421-Комунални услуги, греење, комуникација, и транспорт | **3.800.000,00** | **3.670.535,00** | **97 %** | **129.465,00** |
| **423- Материјал и ситен инвентар** | **600.000,00** | **505.915,00** | **84 %** | **94.085,00** |
| **424 - Поправки и тековно одржување** | **1.700.000,00** | **1.446.989,00** | **85 %** | **253.011,00** |
| **425 – Договорни услуги** | **1.100.000,00** | **1.054.677,00** | **96 %** | **45.323,00** |
| **426-Други тековни расходи** | **550.000,00** | **539.523,00** | **98 %** | **10.477,00** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **464- Разни трансфери** | **753.233,00** | **753.233,00** | **100 %** | **0** |
| **480 – Купување на опрема и машини** | **2.016.640,00** | **2.016.640,00** | **100 %** | **0** |
| 485 - **Вложувања и нефинансиски средства** | **1.169.910,00** | **1.169.910,00** | **100 %** | **0** |
| **Вкупно** | **12.348.983,00** | **11.713.364,00** | **95 %** | **635.619,00** |

На крајот на годината, по извршениот попис на постојани средства и обврските, констатирани се обврски кон добавувачите во износ од 479.210,00 денари, кон работниците во износ од 56.200,00 денари и обврски кон вработените по основ на плата и придонеси во износ од 3.589.489,00 денари. Делот на обврските кон комитентите во најголем дел се однесува за извршените услуги за месец декември 2022 година како и обврските по однос на плата за тој месец.

Предлог буџетот за Судски совет претставува интегрален дел од системот на планирање и буџетирање и ја презентира потребата од унапредување на условите за работа на стручната служба заради постигнување на стратешките приоритети и цели, и тоа: обезбедување и гарантирање на независноста, зголемување на ефикасноста и јакнење на довербата за непречено извршување на функциите на институцијата. Од овие причини на Судскиот совет на Република Северна Македонија му е потребно обезбедување на перманентни и стабилни финансиски средства.

***ПРЕПОРАКИ:***

- Да се зајакне имплементацијата на Програмата и Акциониот план за превенција и следење на корупција во судството 2022-2025 година;
- Да се зајакне имплементацијата на Стратешкиот план на Судскиот совет на Република Северна Македонија за периодот 2023-2024 година;
- Да се имплементира Методологијата за квалитативно оценување на судиите и Методологијата за утврдување сложеност на предмети;
- Да се зајакне транспарентноста и отчетноста со навремен проток на информации, а со цел граѓаните и јавноста да бидат навремено и точно запознати и информирани за активностите на Советот, да се обезбеди постојана достапност за комуникација со цел информираност на сите засегнати страни преку давање изјави или

интервуја од страна на претседателот на Советот, одржување на прес-конференции, брифинзи и соопштенија, организирање на тркалезни маси;

• Да се искористат воспоставените законски механизми за независност на судството и утврдување одговорност;

• Да се обезбеди проактивна улога на членовите на Судскиот совет на Република Северна Македонија во креирање на нови законски прописи;

• Навремена реакција во случај кога е загрозен угледот и функцијата на членовите на Советот, судиите и престедателите на судовите;

• Зајакнување на капацитетите на Центарот за информатичко-комуникациски технологии, аналитика и статистика;

• Реорганизација на мрежата на судовите, земајќи го предвид бројот на предмети и сложеноста, како би се поедноставило функционирањето на судската мрежа и најдобро би се искористиле постојните ресурси;

• Соодветно управување со човечките ресурси;

• Да се осигура усогласеност на софтверот со новите мерки за сложеност на предметите, со цел да се овозможи нивна имплементација;

• Поактивно учество на преставници од судската власт во креирање на законските прописи;

• Имплементација на подзаконски акти.

***ЗАКЛУЧОЦИ:***

Имајќи предвид дека корупцијата како негативна општествена појава може да предизвика далекусежни последици, а согласно заложбите на Владата на Република Северна Македонија во борбата против корупцијата и усвојување на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025 од страна на Државната комисија за спречување на корупцијата, Судскиот совет на Република Северна Македонија во 2023 година потребно е да преземе активности кои водат до превенција и следење на корупцијата, за која цел е донесена Програма и Акционен план за превенција и следење на корупцијата во судството 2022-2025, а при констатирана состојба за коруптивни дејствија, во рамки на своите надлежности да ги санкционира сторителите на истите.

Судскиот совет се соочува со реален проблем по однос на недостаток на кадар, односно потребата од нови вработувања и превземања од други институции, поради

што е потребно да се преземат активности по однос на статусот на вработените во Стручната служба на Советот, односно поконкретно решавање на овој проблем преку соодветни законски измени.

Со оглед дека дигитализацијата на судството станува реалност во пракса, Советот ќе продолжи со примена на информатичките технологии, со цел судскиот систем да го направи подостапен, кое ќе значи дека судството ќе се насочи кон отворање за јавноста и само на тој начин ќе се зголемува довербата на граѓаните во судството.

Судскиот совет на Република Северна Македонија во текот на 2023 година ќе продолжи со практична имплементација на Методологијата за квалитативно оценување на судии и на Методологијата со индикатори за утвдување на сложеност на предмети, со која примена ќе се воведе систем на реално, објективно и независно вреднување на трудот на судијата, кое ќе значи и нивно стручно унапредување врз основа на мерливи критериуми.

Во претстојниот период Советот во континуитет ќе ја продолжи соработката со судовите и другите институции за да се изгради систем на доверба.

Се наметнува потребата од зајакнување на статистиката и аналитиката преку која Советот ќе обезбеди квалитетни податоци за да може да се гради политика за дејствување. Особено е неопходно да се изградат критериуми преку кои на поинаков, пообемен и потемелен начин ќе се мери ажурноста на судиите и на судовите. Тогаш и стратешките документи кои Советот ќе ги донесе ќе бидат изградени врз основа на прецизни и темелни податоци.

Советот и во наредниот период ќе остане гарант на независноста на судството во Република Северна Македонија, а тоа ќе се постигне и преку построги и мерливи процедурите за избор и унапредување на судиите во кариерата.

Советот ќе се залага за подобрување на финансиската состојба на сите вработени во судството.

Кон остварувањето на независноста на судството, Советот ќе ја имплементира Стратегијата за следење на корупцијата во судството, со цел да се таргетираат ризичните точки за да може да се создаде систем кој ќе ја спречува корупцијата.

Советот во наредниот период ќе се грижи за остварување на следните приоритетни активности:

- Доследна примена на законите и овозможување услови за брза и ефикасна правда;

- Анализа и следење на состојбите во судството и следење на работата на судиите и претседателите на судови преку новите методологии;

- Подобрување на системот за избор, оценување, унапредување и разрешување на судиите, како и нивно потранспарентно претставување во јавноста;

- Унапредување на транспарентноста и отчетноста на Советот преку постојано известување на јавноста за одлуките;

- Ефикасно и економично извршување на Судскиот буџет, но и залагање за зголемување на независноста на буџетот;

- Јакнење на инстуционалните и административни капацитети на институциите на судската власт преку нови вработувања;

- Унапредување на билатерална и мултилатерална соработка со Судските совети на други држави;

• Согласно законските овластувања, Судскиот совет ќе продолжи да биде институцијата која ќе настојува и во иднина да ги обезбедува независноста на судството, професионалното и стручно одлучување, квалитетното водење постапки, навремена и ефикасна правда и кадровските потенцијали на судството, кои се значаен дел за функционирањето и работењето воопшто.

**Прилог 1**



Претседател на Судски совет на РСМ
(Претседател на Судски буџетски совет)
Членови на Судски совет на РСМ
Генерален секретар
Државни советници
Сектор за информатички, административно-технички работи и водење на статистика и аналитика на судовите
Сектор за Судски буџет
Одделение за информатички и административно-технички работи
Одделение за статистика и аналитика на судовите
Одделение за финански прашања на СБС
Одделение за правни и општи работи на СБС
Одделение за инвестиции на СБС
Одделение за информативно-комуникациски технологии на СБС
Одделение за човечки ресурси
Одделение за внатрешна ревизија

**Прилог 2**

***Структура на вработени според категорија***

| Категорија | Број на врсботени | Поцентуална застапеност |
|---|---|---|
| Категорија А – секретар | **1** | **2,94** |
| Категорија Б – раководни административни службеници | **14** | **41,18** |
| Категорија В – стручно административни службеници | **9** | **26.47** |
| Категорија Г- помошно - стручни административни службеници | **5** | **14,70** |
| Помошно технички лица | **5** | **14,70** |
| Вкупно | **34** | **100,00** |

***Старосна структура***

| **Возраст** | **Број на вработени** | **Процентуална застапеност** |
|---|---|---|
| **0-24 години** | **0** | |
| **25-49 години** | **21** | **61,76** |
| **Постари од 50 години** | **13** | **38,23** |
| **вкупно** | **34** | **100,00** |

*Полова структура*

| Пол | Број на вработени | Процентуална застапеност |
|---|---|---|
| **мажи** | 11 | **32,36** |
| **жени** | 23 | **67,64** |
| **вкупно** | **34** | **100,00** |

*Етничка структура*

**ПРИПАДНОСТ НА ЗАЕДНИЦА**

| | Македонци | Албанци | Турци | Роми | Срби | Власи | Бошњаци | други | ВКУПНО вработени |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Број на вработени** | 24 | 6 | 1 | 0 | 2 | 0 | 0 | 1 | **34** |
| **Процентуална застапеност** | 70,59 | 17,65 | 2,94 | 0,0 | 5,88 | 0,0 | 0,0 | 2,94 | **100,00** |

**СУДСКИ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател,**
**Весна Дамева**